**ДП. бр. 329**

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на Република Македонија (подолу како ДК при КИРМ), постапувајќи по Предлогот за поведување на дисциплинска постапка бр. 09-128 од Министерот за правда, во присуство на обвинетиот извршител Х. Ј., на ден 07.09.2012 година го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

**СЕ ОГЛАСУВА за виновен** Извршител Х.Ј. именуван за подрачјето на Основен суд Скопје 1 Скопје и Основен суд Скопје 2 Скопје со адреса на бул._______ бр.___ Скопје за сторена дисциплинска повреда по чл. 54-д став 1 алинеја 5 од Законот за извршување

ЗАТОА ШТО извршителот постапувајќи по барање за извршување заведено под И.бр.872/11 издал Налог за извршување врз основа на чл. 202 од ЗИ на ден 22.07.2011 година, по што го променил средството на извршување а не застанал со извршување од сметката на должникот, со што постапил спротивно на член 205 став 1 од Законот за извршување каде е пропишано дека носителот на платен промет до кој е доставен налогот за извршување врз сметката на должникот ќе застане со извршување ако предходно доверителот изјавил дека се откажува од понатамошно извршување или ако извршителот одлучил извршувањето да спроведе со друго средство на извршување

со кои дејствија извршителот Х.Ј. постапил спротивно на чл. 205 ст.1 од ЗИ и сторил дисциплинска повреда "при извршувањето презема дејствија кои не се предвидени или се спротивни на овој закон " па согласно чл. 54-б став 2 и со примена на правилата на казнено право за вонредно ублажување на казната се изрекува парична казна во висина од 2000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на РМ на ден на изрекувањето

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** Извршител Х.Ј. од Скопје утврдената парична казна да ја плати во рок од 15 дена од приемот на одлука

*Образложение*

Предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП.бр.09-128 е поднесен од страна на Министерот за правда против извршителот врз основа на извештај за спроведен редовен надзор врз работата на извршителот бр. 09-128. Предлогот е поднесен со наводи дека извршител Х.Ј. од Скопје, вршејќи ја извршителската должност по предмет И.бр.872/11 сторил дисциплинска повреда по чл. 54-д став 1 алинеја 5 од ЗИ : "при извршувањето презема дејствија кои не се предвидени или се спротивни на овој закон" на начин што постапувајќи по барање за извршување заведено под И.бр.872/11 издал Налог за извршување врз основа на чл. 202 од ЗИ на ден 22.07.2011 година, по што го променил средството на извршување а не застанало со извршување од сметката на должникот, со што постапил спротивно на член 205 став 1 од Законот за извршување каде е пропишано дека носителот на платен промет до кој е доставен налогот за извршување врз сметката на должникот ќе застане со извршување ако предходно доверителот изјавил дека се откажува од понатамошно извршување или ако извршителот одлучил извршувањето да спроведе со друго средство на извршување. Во предлогот се наведува дека иако извршителот на ден 29.07.2011 година го променил средството за извршување, односно донел Налог за забрана за располагање и оптоварување на акции (врз основа на член 148 став 1 од Законот за извршување), не ја деблокирал сметката на должникот се до 26.10.2011 година кога го доставил Заклучокот за застанување со извршување до носителот за платен промет, па поради што се предлага извршителот да му биде утврдена дисциплинска одговорност и да му се изрече соодветна мерка по ЗИ.

Извршителот Х.Ј. од Скопје во своја одбрана во одговор од 05.09.2012 година и на главен претрес наведе дека ги одбива како неосновани наводи од Предлогот на Министерот за правда бидејќи откако на ден 29.07.2011 година издал Налог за забрана за располагање и оптоварување на акции на должникот и извршителот на

ден 26.09.2011 година го сменил средството на извршување издавајќи Налог за извршување врз недвижност и во поглед на Налогот за извршување врз основа на чл. 202 од ЗИ од ден 22.07.2011 година со кој е блокирана сметката на должникот Ж.-Н. АД Куманово извршителот на ден 26.10.2011 година донел Заклучок за делумно запирање на извршувањето со кој му наложува на Комерцијална банка АД Скопје да го симне од евиденција Налогот за извршување од ден 22.07.2011 година. Овој заклучок бил доставен до Носителот на платен промет на ден 02.11.2011 година со препорачана пратка. Извршителот наведе дека не преземал дејствија кои се спротивни на закон од причина што сите донесени акти биле дејствија кои се предвидени со закон како и дека не се преземани дејствија спротивно на чл.205 ст. 1 од Законот за извршување бидејќи во конкретниот случај нема изјава од доверителот за откажување од извршување. Во поглед на примена на средство на извршување, извршителот наведува дека сметал да првото средство –блокада на сметката на должникот не е ефикасно и не ја постигнува целта на извршувањето и заради тоа извршителот го сменил средството и три месеци по промената на средството ја деблокирал сметката на должникот. Извршителот истакнува во одговор дека законодавецот не пропишува рок во кој треба да се постапи по чл. 205 ст.1 од ЗИ. Во оваа насока извршителот се повикува и на судска пракса и доставува доказ- Решение на Претседател на Основен суд Скопје 2 Скопје ППНИ.бр.88/11 од 23.03.2011 година со кое во врска со друг предмет на извршување каде извршителот постапувал исто како и во овој конкретен случај, судот бил на стојалиште дека не биле сторени неправилности од страна на извршителот.

Извршителот во одговор истакна и дека побарувањето на доверителот согласно извршната исправа е обезбедено со меница со која должникот дали изричита согласност имателот на меницата да може да бара без протест наплата на износот од целокупниот имот на трасантот како и од средствата на сите сметки. Понатаму, неведе дека применувајќи го аналогно казнено право во дисциплинска постапка, во случајот станува збор за правна заблуда бидејќи извршителот пред да ги преземе дејствијата за кои се терети пред себе имал судско решение со кое во идентична правна ситуација надлежниот орган оценил дека нема неправилности во

извршувањето, па извршителот во овој случај не можел нити можел да знае дека тие дејствија биле забранети, согласно што и не може да сноси одговорност.

Дисциплинската комисија на КИРМ на претрес на ден 07.09.2012 година, ги дозволи и изведе следните докази:

Извештај за извршен надзор УПП.бр.09- 128 од 13.02.2012 година ;
Барање за извршување од 20.07.2011 година;
Налог И.бр.872/11 од 29.07.2011 година по чл. 148 ст.1 од ЗИ;
Доставница И.бр.872/11 за достава на Налог И.бр.872/11 до Централен депозитар на хартии на вредност АД Скопје
Доставница И.бр.872/11 за достава на Налог И.бр.872/11 до Комерцијална банка АД Скопје ;
Известување од Централен депозитар на хартии на вредност АД Скопје од 27.07.2011 година;
Извод од сметка за АД Ж.Н. Куманово од 27.07.2011 година;
Фактура бр.05-5-1406/2011 од 27.07.2011 година на ЦРРМ;
Известување од Централен депозитар на хартии на вредност АД Скопје од 29.07.2011 година;
Извод од сметка за АД Ж.Н. Куманово од 29.07.2011 година;
Фактура бр.05-5-1438/2011 од 29.07.2011 година на ЦРРМ;
Заклучок за продажба на акции И.бр.872/11 од 15.082011 година;
Налог И.бр.872/11 од 26.09.2011 година од Х.Ј. од Скопје;
Налог И.бр.872/11 од 22.07.2011 година од Х.Ј. од Скопје;
Заклучок за продажба на акции И.бр.872/11 од 15.08.2011 година;
Доставница И.бр.872/11 за достава на Заклучок И.бр.872/11 до Комерцијална банка АД Скопје;
Доставница И.бр.872/11 за достава на Заклучок И.бр.872/11 до Централен депозитар на хартии од вредност Скопје;
Доставница И.бр.872/11 за достава на Заклучок И.бр.872/11 до А.Б.АД Скопје;
Налог за продавање бр. 1003332720-6460 од 17.08.2011 год;

Договор за посредување при купопродажба на хартии на вредност бр.593/2 од 16.08.2011 година ;
Извештај на клиент за продавање на обични акции на А.Б. АД од 17.08.2011 година;
Известување и барање од АД Ж.Н. АД Куманово од 18.10.2011 година;
Заклучок за делумно запирање на извршување И.бр.872/11 од 26.10.2011 година;
Доставница И.бр.872/11 од 26.10.2011 година за достава на Заклучок од 26.10.2011 година до Комерцијална банка Ад Скопје;
Решение ППНИ.бр.88/11 од 23.03.2011 година на Основен суд Скопје 2 Скопје.

Дисциплинската комисија на КИРМ на одржан главен претрес, ги разгледа наводите изнесени во предлогот, одбраната на извршителот, па ценејќи ги сите докази одделно и заедно, ја утврди следната фактичка положба:

Извршител Х.Ј. од Скопје, вршејќи ја извршителската дејност, на ден 20.07.2011 година извршителот примил барање за извршување од доверител Комерцијална банка АД Скопје против должник Ж.Н. АД Куманово врз основа на Нотарски акт – изјава за уредување на права и обврски на потписници на меница ОДУ бр.706/09 од 27.10.2009 година на нотар З.П. со клаузула на извршност од 20.07.2011 година и 3 меници сопствени, трасирани, акцептирани и издадени од Ж.Н. АД Куманово за парично побарување во износ од 67.314.766,00 денари. На ден 22.07.2011 година извршителот издал Налог за извршување од сметка на должникот (врз основа на чл. 202 од ЗИ). На ден 29.07.2011 година извршителот донел Налог за забрана за располагање и оптоварување на акции ( врз основа на член 148 став 1 од Законот за извршување) со кој била ставена забрана за располагање и оптоварување на акциите што должникот ги имал во К.б. АД Скопје и тоа 117 обични акции и во Г. 143 обични акции. На ден 15.08.2011 година извршителот издал Заклучок за продажба на акции (врз основа на член 149 од Законот за извршување) со кој определил продажба на ациите на должникот .
На ден 26.09.2011 година извршителот издал Налог за извршување врз недвижност ( врз основа на член 154 од Законот за извршување). На ден 20.10.2011 година извршителот примил барање од АД Ж.Н. Куманово со кое бараат од извршителот да

постапи согласно член 205 од Законот за извршување во рок од три дена. На ден 26.10.2011 година извршителот донел Заклучок за делумно запирање на извршувањето со кој му наложил на носителот на платен промет Комерцијална банка АД Скопје да го симне од евиденција Налогот за извршување И.бр.872/11 од 22.07.2011 година, односно да ја деблокира сметката. Истиот ден извршителот заклучокот го доставил до Комерцијална банка АД Скопје, како носител на платен промет, а до должникот со препорачана пратка на ден 02.11.2011 година.

Дисциплинската комисија одлучувајќи по повод основаноста за предлогот за дисциплинска постапка, утврди дека извршителот сторил повреда на законот со тоа што иако во предмет И.бр.872/11 го променил средството за извршување на ден 29.07.2011 година со Налог за забрана за располагање и оптоварување на акции, тој го доставил Заклучокот за застанување со извршување до носителот за платен промет на ден 26.10.2011 година, што е спротивно на член 205 од ЗИ , и на тој начин сметката на должникот останала блокирана иако во меѓувреме долгот се намирувал со продажба на акции, со што извршителот ја сторил дисциплинската повреда која му се става на товар по член 54-д став 1 алинеја 5 од Законот за извршување.

Дисциплинската комисија при определување на видот и висината на дисциплинската санкција ги ценеше сите олеснителни и отежнителни околности, а пред се олеснителната околност дека нема штетни последици од постапувањето на извршителот, а како отежнителни околности тежината на дисциплинската повреда па во склоп на истите ја одмери дисциплинската мерка . Дисциплинската комисија смета дека со ваквата дисциплинска мерка ќе се постигнат целите на генералната и специјалната превенција.

Дисциплинската Комисија при КИРМ на ден 07.09.2012 година согласно чл. 59-в став 1 од Законот за извршување (Сл. Весник на Р. Македонија бр.35/05, од 18.05.2005 год. 50/06, 129/06, 8/08, 83/09 50/10, 83/10, 88/10 и 171/10) одлучи како во изреката на ова решение.

Согласно чл. 54-б став 2 в.в со чл. 61 ст.2 од ЗИ се задолжува обвинетиот извршител X.J. од Скопје да плати на име парична казна износ во висина од 2.000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на РМ на ден на изрекување, на сметка на Комората на извршители бр.200002470422279 во Стопанска банка АД Скопје, во рок од 15-дена од прием на одлуката, а под страв на присилно извршување.